Бр./Nr 12-661/5
17-06-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-5423/1 од 23.11.2023 година, оформен по пријава со наводи против Одделението за првостепена управна постапка при Управата за имотно-правни работи во ---------- и против Одделението за катастар на недвижности во ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-5423/1 од 23.11.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, преку електронска пошта на ден 23.11.2023 година, поднесена е пријава против Одделението за првостепена управна постапка при Управата за имотно-правни работи во --------- и против Одделението за катастар на недвижности во ---------- и оформен е предмет број 12-5423/1 од 23.11.2023 година. Пријавата истовремено е доставена и до Министерство за финансии, Народен правобранител на РСМ, Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата на РСМ задолжен за политики на добро владеење, Државен завод за ревизија, Агенција за катастар на недвижности и до Државен управен инспекторат на РСМ.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за непостапување од страна на наведените институции Одделението за првостепена управна постапка при

Управата за имотно-правни работи во --------- односно со основано сомнение за противзаконско постапување од нивна страна на Управата за имотно-правни работи во --------- и на Одделението за катастар на недвижности во ------------.
Имено, се работи за предмет со бр.---------- кој се однесува на барање за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, поднесено до Управата за имотно-правни работи во --------- на 15.12.2014 година, односно последниот ден од законски пропишаниот рок согласно член 17 од Законот за изменување и дополнување на законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, (Службен весник на Република Македонија", бр.144/2014), поднесено од -------------------------------------.
Подносителот наведува дека Управата за имотно-правни работи во ----------- била должна во рок од 6 месеци по истекот на законски пропишаниот рок, до Агенцијата за катастар на недвижности да ги достави сите барања за приватизација на градежното земјиште по кои постапката за приватизација не е правосилна завршена, заради нивно прибележување во катастарот на недвижностите, согласно член 18 став (1) од истоимениот Закон. Пријавителот наведува дека Управата не постапила согласно законските рокови, односно, баањето за приватизација било прибележано од страна на Агенцијата за катастар на недвижности на 13.07.2017 година, односно 25 месеци по истекот на законски пропишаниот рок.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до надлежен инспекторат Државен управен инспекторат.

Од страна на Државниот управен инспекторат, доставени се бараните информации и податоци а во одговорот стои дека од извршениот вонреден инспекциски надзор во Одделението за првостепена управна постапка при Управата за имотно-правни работи во ----------- и против Одделението за катастар на недвижности во -----------, инспекторатот изготвил посебни Записници бр.------------ во кои Записници биле наведени сите наоди во однос на предметот наведен во претсавката, и тоа кај:
-МФ-Управа за имотно правни работи-ПО за првостепена управна постапка----------------, од страна на управниот инспектор, не биле утврдени неправилности во однос на изнесените наводи од подносителот на Пријавата;
-Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности - ----------- од страна на управниот инспектор во однос на наводите содржани во предметната пријава, биле констатирани дека неправилностите во

работењето на субјектот на надзор, но не биле преземени мерки од причина што субјектот на надзор ги имал отстрането неправилностите пред да биде поведена инспекциска постапка.

Врз основа на наведеното, ДКСК утврди дека по пријавените наводи веќе постапиле други надлежни органи по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата